20250861886

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

# УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВНА ЗАШТИТА НА УСЛУГИТЕ КОИ СЕ ЗАСНОВААТ НА, ИЛИ ОПФАЌААТ, УСЛОВЕН ПРИСТАП

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 април 2025 година.

Бр. 08-2351/1
22 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВНА ЗАШТИТА НА УСЛУГИТЕ КОИ СЕ ЗАСНОВААТ НА, ИЛИ ОПФАЌААТ, УСЛОВЕН ПРИСТАП

Член 1

Во Законот за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап („Службен весник на Република Македонија“ број 127/2008 и 17/11), во член 4 во воведната реченица зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во член 5 во ставот (1) по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд”.

Член 3

Во член 5-а во ставот (2) по зборот „економијата“ се додаваат зборовите: „и трудот”.

Во ставот (9) по зборот „економијата“ се додаваат зборовите: „и трудот”.

Член 4

Во член 6 во ставот (3) зборовите: „министерот за економија“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 5

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап („Службен весник на Република Македонија“ број 17/11), во членот 4 по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд”.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.